# ПРЕДЛАГАЊЕ НА НОВИ ОДЛУКИ

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број акции со право на глас имаат право по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата на Собранието. Предлогот се доставува во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат, целосно име и презиме и своерачен потпис на застапникот по закон на акционер правно лице. Заедно со барањето акционерот задолжително треба да приложи и соодветни документи за идентификација и тоа:

1. За акционер физичко лице се приложува: - Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оргинал, не постар од три дена

- Копија од лична карта или пасош

2. За акционер правно лице се приложува: - Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од три дена

- Последна тековна состојба од Централниот регистар во оригинал не постара од десет дена

- Копија од лична карта или пасош на застапникот по закон

Предлогот, заедно со документите за идентификација, мора да биде примен во ТЕХНОКОМЕРЦ АД Скопје најдоцна во рок од 8 (осум) дена од објавата на Повикот за одржување на годишно собрание на Друштвото.

Адреса на која се доставува барањето : ТЕХНОКОМЕРЦ А.Д. - Скопје Бул.8 Септември бр.42 1000 Скопје до Одборот на директори на Друштвото со назнака "за Собрание на акционери"